**ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР**
**АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗДАВАЊЕ**
**НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ПОД ЗАКУП - СКОПЈЕ**
**- С О Б Р А Н И Е -**

Врз основа на член 45 од Статутот на Градски Трговски Центар Акционерско друштво за издавање на деловен простор под закуп – Скопје, а во врска со член 383 и 479 од Законот за трговските друштва и согласно Одлуката за избор на најповолен понудувач бр. 1308-1806/1 од 12.05.2023 година, Собранието на Друштвото на седницата одржана на ден 30.08.2023 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за избор на овластен ревизор за ревизија на финансиските извештаи за 2023 година, односно годишната сметка за 2023 година на Градски Трговски Центар Акционерско друштво за издавање на деловен простор под закуп - Скопје

**Член 1**

**Друштвото за ревизија КРЕСТОН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**, се избира за овластен ревизор за ревизија на финансиските извештаи за 2023 година, односно годишната сметка за 2023 година на Градски Трговски Центар Акционерско друштво за издавање на деловен простор под закуп - Скопје.

**Член 2**

Се овластува Извршниот директор на Градски Трговски Центар Акционерско друштво за издавање на деловен простор под закуп - Скопје да склучи Договор со **Друштвото за ревизија КРЕСТОН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**, со кој ќе се регулираат сите прашања битни за извршување на доверената ревизија.

**Член 3**

За спроведување на оваа одлука се задолжува Секторот за финансиски и сметководствени работи.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Бр. 0201-2800/6**
**Скопје, 30.08.2023 година**

**С О Б Р А Н И Е**
**Претседавач,**
**ШЕВАЉ ЏЕКУ**

Изготвил ____________
Контролирал ____________
Одобрил ____________

"ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР" АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ПОД ЗАКУП
СКОПЈЕ
1